REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
Примено / Pranuar: 13. 01. 2023
Орг. единица / Njësia org.: 08 | Број / Numri: 206/1 | Прилог / Shtojce: | Вредност / Vlera:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 08-20/2
13.01.2023 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

**Република Северна Македонија**
**ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE**

OTA

**Republic of North Macedonia**
**OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY**

**До:**
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. „11 Октомври" бр.10
1000 Скопје, Република Северна Македонија

**За: г-дин Talat Xhaferi, претседател**

**Предмет:** Годишен извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција за 2022 година
- доставува -

Почитуван претседател на Собранието на Република Северна Македонија,

Во прилог на овој допис, а врз основа на член 7 од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) до Собранието на Република Северна Македонија го доставувам за разгледување Годишниот извештај за работењето на ОТА за 2022 година заведен под број 08-20/1 од 12.01.2023 година.

За сите потребни прашања и образложенија останувам на располагање.

**Прилог:**
**Годишен извештај за работењето на ОТА за 2022 година број 08-20/1 од 12.01.2023 година**

Со почит,

**Drejtuar:**
KUVENDIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SE VERIUT
Bul. „ 11 Tetor" nr. 10
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

**Për: z. Talat Xhaferi, kryetarë**

**Lënda:** Raport vjetorë për punën e Agjensisë Teknike Operative për vitin 2022
- dorzon -

I nderuar kryetarë i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut

Në shtojcë të kësaj shkrese, ndërsa në bazë të nenit 7 të Ligjit për Agjensinë Teknike Operative ( „Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 71/18 dhe „Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 98/19) në Kuvendin e republikës së Maqedonisë së Veriu e dorëzoj për shqyrtim Raportin vjetorë për punën e ATO-s për vitin 2022 i arkivuar me numër 08-20/1 nga 12.01.2023.

Për të gjitha pyetjet dhe arsyetimet jam në dispozicion.

**Shtojcë:**
**Raportin vjetorë për punën e ATO-s për vitin 2022 i arkivuar me numër 08-20/1 nga 12.01.2023**

Me respekt,

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА/
AGJENCIA TEKNIKE-OPERATIVE
ДИРЕКТОР/DREJTOR,
**Зоран Ангеловски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Оперативно-техничка агенција / Agjencia teknike-operative
СКОПЈЕ / SHKUP

Изработено во два (2) примерока и доставено до:
Përpiluar në (2) ekzemplarë, dhe dorëzuar:
- писарница на ОТА/Sekretarisë së ATO-s
- Собрание на РСМ/Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 08-20/1
12.01.2023 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

ЗА
РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ

Скопје,
јануари, 2023 година


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje
www.ota.mk
info@ota.mk

Врз основа на член 7 од Законот за Оперативно-техничката агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 – понатаму во текстот: ЗОТА), директорот на Оперативно-техничката агенција Скопје (во натамошниот текст: ОТА), го донесе следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Оперативно-техничката агенција е самостоен и независен државен орган, основан со Законот за Оперативно-техничката агенција, со кој закон покрај основањето на ОТА, се уредуваат и надлежностите, раководењето, правата и обврските од работен однос на работниците во ОТА, стручниот надзор и финансирањето на ОТА.

Согласно со законските одреби, директорот на ОТА во рамки на законски утврдениот рок го доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија овој годишен извештај за работата на ОТА за претходната 2022 година.

## II. БРОЈ НА АКТИВИРАНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ОРГАНИ

Во текот на 2022 година, за потребите на овластените органи во Република Северна Македонија, ОТА технички посредуваше во:

- 369 нови активирања на мерката следење на комуникациите и
- 328 продолжувања на мерката следење на комуникациите.

## III. БРОЈ НА АКТИВИРАНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА СЕКОЈ ОВЛАСТЕН ОРГАН ОДДЕЛНО

Од наведениот вкупен број од 369 нови активирања на мерката следење на комуникациите со техничко посредство на ОТА во 2022 година, 278 активирања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на МВР.

Од наведените 328 продолжувања на мерката следење на комуникациите со техничко посредство на ОТА во 2022 година, 149 продолжувања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на МВР.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

## IV.СОСТОЈБА И КОНСТАТИРАНИ НАОДИ ПРИ ИЗВРШЕНИТЕ СТРУЧНИ НАДЗОРИ ОД СТРАНА НА ОТА НАД РАБОТАТА НА ОПЕРАТОРИТЕ

Во текот на 2022 година во рамки на своите законски надлежности, а заради проверка на усогласеноста на техничките услови и применетите мерки и стандарди при следење на електронските комуникации, Оперативно-техничката агенција во континуитет спроведуваше планиран, редовен и вонреден увид во работата на операторите во Република Северна Македонија.

Согласно со Планот за вршење стручни надзори над работата на операторите, во текот на 2022 година од страна на надлежната Комисија на ОТА, спроведени се пет (5) редовни стручни надзори кај телекомуникациските оператори: Македонски Телеком, А1 Македонија, Неотел, Телекабел и МТел.

Предметот на надзор беше определен со цел утврдување на состојбите кај операторите, употребата на техничката опрема и комуникациски водови кои служат за поврзување на ОТА и операторите, како и плановите за развој и примена на нови технологии што би имале импакт врз обезбедување на неопходните услови со кои се овозможува следење на комуникациите со посредство на ОТА, поточно:

- Проверка на параметрите и увид во мрежните елементи со LI функционалност, како обврска согласно *Правилникот за начинот на постапување на операторите при спроведување на мерките за следење на комуникации и начинот на вршењестручен надзор од ОТА* (Член 14 став 3);
- Увид во записниците од извршени контроли согласно безбедносни процедури за начинот на техничкото одржување и отстранување дефекти сврзани со мрежните елементи со LI функционалност - обврска согласно *Правилникот за начинот на постапување на операторите при спроведување на мерките за следење на комуникации и начинот на вршењестручен надзор од ОТА* (Член 16 став 5 );
- Увид во системските записи (аларм лог фајлови) кои се создаваат за потребите на техничко одржување и отстранување дефекти на системите со LI функционалност – обврска согласно *Правилникот за начинот на постапување на операторите при спроведување на мерките за следење на комуникации и начинот на вршење стручен надзор од ОТА* (Член 29 став 2);
- Увид во писмените извештаи од интерни проверки за функционирањето, ефектите и слабостите во безбедноста на информациските системи - обврска согласно *Правилникот за за мерките и стандардите за информациска безбедност кои се должни да ги применуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги во врска со обврските за спроведување на мерките за следење на комуникациите* (Член 4);
- Информирање за планирани нови услуги како и промени во мрежната структура што ќе ги афектираат мрежните елементи со LI функционалност.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje
www.ota.mk
info@ota.mk

Дополнително, спроведувањето на редовните активности што се одвиваа при имплементацијата на техничките решенија, им овозможија на надлежните претставници од ОТА систематско испитување и преглед на состојбите кај мрежните елементи кои се дел од процесот на следење на комуникациите кај операторите, вршејќи директен увид во расположливата инфраструктура, исполнетоста на техничките услови и применетите мерки согласно предвиденото со закон и подзаконските акти, при што доставени се побарувања до операторите за постапување и овозможување на технички услови што ги наметнува технолошкиот напредок во областа на телекомуникациите и референтните закони.

## V. БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ ЗА РАБОТНИЦИ ВО ОТА

Во текот на 2022 година во ОТА не беа спроведени дисциплински постапки.

## VI.ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОТА

<u>Финансирање на Оперативно-техничката агенција</u>

Согласно со член 33 од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 понатаму во текстот: ЗОТА) средствата за плата, надоместоци и додатоци на плата, за работа, унапредување, модернизација и опремување на ОТА, како и за стимулирање на работниците во ОТА, предвидени со годишниот финансиски план на ОТА, се обезбедуваат:

- од Буџетот на Република Северна Македонија (т.н. расходи од основен буџет) и
- од надоместоците на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, согласно со член 29-а Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 153/19 и 92/21 понатаму во текстот: ЗЕК), врз основа на претходно одобрен годишен финансиски план на ОТА од страна на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија (т.н.расходи од самофинансирачки активности).


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

Буџет на Оперативно-техничка агенција за 2022 година

Во текот на буџетската 2022 година од аспект на определување на Буџетот на ОТА се донесени следните релевантни акти:

1. Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 287/2021),
2. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.164/2022),
3. Одобрение за проширување од Министерство за финансии бр. 08-8168/2 од 16.08.2022 година и
4. Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 232/2022).

Прегледот на донесувањето, измените и дополнувања на Буџетот на ОТА во текот на 2022 година се прикажани во Табела 1.

Структурата на финалниот Буџет за 2022 година по сметки е прикажана во Графикон 1.

| СТРУКТУРА НА БУЏЕТ | СМЕТКА | БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА | ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА | ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ бр. 08-8168/2 од 16.08.2022 г. | ОДЛУКА ЗА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ПОМЕЃУ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И ПОМЕЃУ ФОНДОВИТЕ | ФИНАЛЕН БУЏЕТ НА ОТА ЗА 2022 ГОДИНА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Расходи основен Буџет | 630 | 261,825,000.00 | - 44,733,000.00 | 0.00 | -1,160,000.00 | 215,932,000.00 |
| Расходи од самофинансирачки активности | 787 | 82,140,000.00 | 20,000,000.00 | 16,010,000.00 | 0.00 | 118,150,000.00 |
| Расходи од донации | 785 | 0.00 | 14,152,000.00 | 0.00 | 0.00 | 14,152,000.00 |
| Вкупно расходи | | 343,965,000.00 | -10,581,000.00 | 16,010,000.00 | -1,160,000.00 | 348,234,000.00 |

**Табела 1. Преглед на донесување, измени и дополнувања Буџет на ОТА во 2022 година**


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje
www.ota.mk
info@ota.mk

Графикон 1. Структурата на финален Буџет на ОТА за 2022 година по сметки




## Расходи основен Буџет

Расходите на основниот буџет во текот на 2022 година беа намалени за вкупен износ од 45,893,000.00 денари во делот на капитални расходи.

## Расходи од самофинансирачки активности

Износот на почетокот од буџетската 2022 година, кој во текот на годината се преструктурира согласно реалните исплати од страна на АЕК и преостанатите средства од претходната буџетска 2021 година беше зголемен за 36.010.000,00 денари и оформен на вкупен расположлив износ од 118.150.000, 00 денари.

Проекциите за реализација на расходите од самофинансирачки активности во 2022 година се планирани со Годишниот финансиски план за 2022 година на Оперативно-техничката агенција и Ревизијата на Годишниот финансиски план за 2022 година на Оперативно-техничката агенција (измена 01), кои согласно закон се одобрени од страна на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија.

## Расходи од донации

За потребите на развивање и имплементација на соодветно законско, безбедно и ефикасно решение за унапредување и дигитализирање на процесот за спроведување на мерката за следење на електронските комуникации, врз основа на обезбедената донација од Агенцијата за електронските комуникации (АЕК) на посебна (донациска) сметка на Буџетот на ОТА за посочената намена беше предвиден останат износ од 14,152,000.00 илјади денари.


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje
www.ota.mk
info@ota.mk

Реализација на Буџетот на ОТА за 2022 година

Од вкупно одобрените средства во износ од 348.234.000,00 во Буџетот на ОТА за 2022 година беа реализирани средства во вкупен износ од 306,364,481.00 денари, односно вкупната стапка на реализација е 87,98 %, при што реализацијата на Буџетот по сметки е следна:

- од расходите на основен Буџет во 2022 година реализирани се 215.534.211,00 денари, што претставува 99,82 % од вкупниот износ на одобрени средства;
- од расходите од самофинансирачки активности, во 2022 година реализирани се 76.678.604,00 денари, што претставува 64,90 % од вкупниот износ на одобрени средства. Нереализираниот дел од средствата согласно со Закон за буџетите на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната 2023 година;
- од расходите од донација реализирани се 14.151.666,00 денари, што претставува 100 % од вкупниот предвиден износ.

Реализацијата на средствата на ОТА за 2022 година распределени по ставки е како што е прикажана во Табела 2.

| Ставка | Потставка | Реализирани износи во денари |
|---|---|---|
| 40-плати и надоместоци | 401 | 22,435,280.00 |
| | 402 | 10,665,189.00 |
| | 404 | 225,000.00 |
| 42-Стоки и услуги | 420 | 422,920.00 |
| | 421 | 3,447,960.00 |
| | 423 | 168,261.00 |
| | 424 | 34,516,391.00 |
| | 425 | 8,914,666.00 |
| | 426 | 596,274.00 |
| 46- Субвенции и трансфери | 464 | 29,943.00 |
| 48 -Капитални расходи | 480 | 25,950,552.00 |
| | 481 | 1,392,302.00 |
| | 485 | 197,599,743.00 |
| ВКУПНО | | 306,364,481.00 |

**Табела 2. Реализацијата по ставки на Буџетот на ОТА за 2022 година**


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

Согласно со податоците за реализација, најголем дел од Буџетот, односно 73% од вкупниот одобрен Буџет на ОТА за 2022 година е реализиран за капитални расходи, додека остатотокот на средства е реализиран за расходите како што е прикажано во табелата и графиконот.

Графикон 2. Реализација на Буџет на ОТА за 2022 по ставки




## VII.ОБЈАВУВАЊЕ

Овој Годишен извештај за работењето на ОТА за 2022 година, во законски предвидениот рок се доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија и истиот се објавува на видливо место на интернет страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ
ДИРЕКТОР,

Зоран Ангеловски


Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk